РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12 - 3867/2
06-09-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по анонимна пријава за корупција, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 51-та седница, одржано на ден 01.09.2021 година донесе

**Одлука**

Пријавата со бр. 12 - 3867/1 од 13.08.2019 година на доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за постапување во предметот со број 12 - 3867 од 2019 година, оформен по пријавата со бр. 12 -3867/1 од 13.08.2019 година, по предметните наводи веќе се постапува во друго одделение при ДКСК .

Предметот со број 12 - 3867 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12 - 3867 од 2019 година е оформен по анонимна пријава со бр. 12 - 3867/1 од 13.08.2019 година доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на непознат подносител – анонимна пријава.

Во доставената пријава изнесени се жалбени наводи по однос на состојбата на пазарот, постоењето на изместени вредности, дискриминација, фаворизирање и нелојална конкуренција во постапките за јавни набавки а конкретно наодите се однесуваат на состојбата на пазарот со водоводна опрема со истакнување на привилегирани компании од една страна и ограничен пристап до комуналните претпријатија од друга страна и (не) можноста на поголем број на приватни компании што се занимавале со производство и трговија со водоводна опрема како рамноправна конкуренција да земат учество на тендери и да бидат понудувачи на соодветната опрема .

При разгледувањето на предметниот случај, Државната комисија ги зема во предвид наводите на подносителот и го констатира следното:

- Во конкретниот случај станува збор за тоа дека од страна на јавните комунални претпријатија при набавките за водоводна опрема постоело истакнување на привилегирани компании а ограничен пристап и (не) можност на поголем број на приватни компании што се занимавале со производство и трговија со водоводна опрема како рамноправна конкуренција

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk